**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Александар Чамовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Струмица и Радовиш**
**ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3**
**тел. 034/609-400**

**Образец бр.66**

**И.бр. 291/2022**

Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Еуростандард Банка АД Скопје - во стечај од Скопје со седиште на  ул.Никола Кљусев бр.2,  засновано на извршната исправа ОДУ.бр.488/17 од 28.11.2017 година на Нотар Аница Маџункова, против должникот ДГПТУ Крмзов-МР ДООЕЛ Струмица од Струмица со седиште на ул.Мајка Тереза бр.8,  за спроведување на извршување во вредност парично побарување на ден 10.06.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**-ИДНА ГРАДБА (стан и помошни површини) на КП.бр.7034, дел 3, во КО Струмица со следните карактеристики:**

-Реден број 224, број на зграда 3, влез 3, кат К4, број 15, намена на посебен/заеднички дел од зграда стан, во површина од 110 м2, КО Струмица
-Реден број 225, број на зграда 3, влез 3, кат К4, број 15, намена на посебен/заеднички дел од зграда помошни површини (тераса, лоѓија, балкон), во површина од 19 м2, КО Струмица
запишана во лист за предбележување на градба бр.52863 КО Струмица при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Струмица,

и соодветен дел од земјиште под зграда и околу зграда во обем кое припаѓа согласно големината на стан бр.15, кое земјиште лежи на КП.бр.7034 дел 3, согласно Имотен лист бр.51138 за КО Струмица, во сопственост на ДПТУ КРМЗОВ-МР ДООЕЛ Струмица односно на:

-КП.бр.7034, дел 3, в.м.Војни Круг, кат култура ГНЗ, со површина од 16350 м2, сопственост, КО Струмица
запишано во имотен лист бр.51138 КО Струмица при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Струмица;
која се наоѓа во владение на должникот ДГПТУ Крмзов-МР ДООЕЛ Струмица;

Продажбата ќе се одржи на ден 01.07.2026 година во 12,00 часот во просториите на Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 Струмица.
Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок за утврдување на вредност на недвижност на Извршителот Александар Чамовски од Струмица од 23.04.2026 година,  изнесува 4.500.000,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:
-Нотарски Акт-Договор за засновање на заложно право на недвижност-хипотека ОДУ.бр.488/17 од 28.11.2017 година на Нотар Аница Маџункова од Струмица.

-Налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл.166 од ЗИ) И.бр.291/2022 од 22.03.2022 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000248209 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027020507180.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Чамовски